РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец март 2022

Април, 2022

Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ..... 1

Испит за административно управување ..... 2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ..... 3

Соработка со други институции и меѓународна соработка ..... 4

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ..... 4

Јавни набавки ..... 5

Реализација на буџет ..... 6

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец март 2022 година примени се 45 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, запрени се 2 барања, објавени се 32 огласи, за вкупно 87 работни места за вкупно 89 извршители. За институциите од централната власт објавени се 20 јавни огласи за 73 работни места со 75 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 12 јавни огласи за 14 работни места со 14 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | Вкупно | Институции од централната власт | | | | | Институции од локалната власт | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 45 | 2 | 32 | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| | | | | 20 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 12 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 87 | | 10 | 53 | 10 | 73 | | 1 | 11 | 2 | 14 |
| Извршители | | | 89 | | 10 | 53 | 12 | 75 | | 1 | 11 | 2 | 14 |
| Број на пријавени кандидати | | | 201 | | 17 | 73 | 7 | 97 | | 14 | 82 | 8 | 104 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 28 | 14 | 7 | 51 | 23 | 81 | 14 | 4 | 25 | 10 | 39 |

*Табела 1. Јавни огласи март 2022*

Во истиот период март 2022 година спроведени се 16 административни селекции за пријавени 364 кандидати, спроведени се 13 испити на кои што се поканети 624 кандидати, од кои полагале 429 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 15 огласи за 545 кандидати. Интервју е спроведено на 15 огласи со вкупно 405 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 15 огласи и предлог за избор на 377 кандидати, а од 28 спроведени огласи објавени се вкупно 120 одлуки за избор на кандидати за вработување.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервју | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати | | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| | | | поканети | полагале | | | | | | | | |
| 16 | 364 | 13 | 624 | 429 | 15 | 545 | 15 | 405 | 15 | 377 | 28 | 120 |

*Табела 2. Спроведени активности по огласи март 2022*

Во Агенцијата за администрација во месец март 2022 година примени се 23 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 23 огласи, за вкупно 66 работни места за 67 извршители. За институциите од централната власт објавени се 11 интерни огласи за 38 работни места со 39 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 12 интерни огласи за 28 работни места со 28 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 23 | / | 23 | | 11 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 12 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 66 | | 11 | 26 | 1 | 38 | | 9 | 14 | 5 | 28 |
| Извршители | | | 67 | | 11 | 27 | 1 | 39 | | 9 | 14 | 5 | 28 |

*Табела 3. Интерни огласи март 2022*

## Испит за административно управување

Во текот на месец март 2022 година спроведени се 10 испити за административно управување на кои се пријавиле 96 кандидати. Од нив на испитот се појавија 46 кандидати од кои испитот го положиле 41 кандидати (89%), а не го положиле 5 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени 79 се вработени во јавен сектор, 9 во приватен и 8 се невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | 96 | 46 | 41 | 5 | 79 | 9 | 8 |

*Табела 4. Административно управување март 2022*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на март 2022 година беа поднесени **43** жалби и приговори на административните службеници, од кои **30** жалби и приговори на државните службеници и **13** жалби на јавните службеници.

Во март во просториите на Агенцијата за администрација беа одржани **10** седници, на кои беше одлучено по **57** жалби и приговори, од кои **45** жалби и приговори на државните службеници и **12** на јавни службеници. Поради барање на дополнителни податоци и одредени списи, **17** предмети, од март преминуваат во април 2022 година.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на државните службеници (вкупно **45**): **22** се одбиени, **14** се уважени, **3 се** мериторно одбиени, **1** е мериторно уважени, и **5** се отфрлени.

Од вкупниот број на јавните службеници (вкупно **12**): одбиени се **6**, уважени **3**, отфрлена **1** и мериторно одбиени **2**.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | Уважени | | Одбиени | | Отфрлени како недозволени | | Отстапени на друг орган | | Повлечени од подносител | | Ненадлежност | | Мериторно уважени | | Мериторно одбиени | | Запрена постапка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 30 | 13 | 45 | 12 | 14 | 3 | 22 | 6 | 5 | 1 | / | / | / | / | / | / | 1 | / | 3 | 2 | / | / |

*Табела 5. Обработени жалби во март 2022*

## Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец март 2022 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 29 предмети од кои 14 се однесуваа на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 15 предмет се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, граѓани и други, и тоа: Влада на Република Северна Македонија (1); Министерство за одбрана (1); Министерство за финансии (1); Царинска управа (2); Народен правобранител (1); Државно правобранителство на Република Северна Македонија (2); Основен граѓански суд Скопје (2); Агенција за филм (1); Агенција за иселеништво (2); Граѓани (2).

Во текот на месец март 2022 година, вработени од Агенцијата присуствуваа на:

- Присуство на работна средба на тема: „Пристап заснован на човековите права во јавната администрација, реализирана на 10.03.2022 година, по покана од Декларација на Европска унија-Скопје;

- Присуство на настан: Проект „Е- администрација“, Надминување на дигиталните вештини во државната и јавната администрација“, реализиран на 09.03.2022 година, по покана од Центар за управување со знаење-Скопје;

- Присуство на онлајн обука на тема: „Примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер“, реализирана на 17.03.2022 година, по покана од Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер-Скопје;

- Присуство на Конференција на тема:„Од марш за работничките права до дигитална економија“, реализирана на 14.03.2022 година по покана од Центар за управување со промени-Скопје;

- Присуство на онлајн работен состанок на тема:„Поддршка во спроведувањето на модернизираната правна рамка за заштита на личните податоци“ реализиран на 17.03.2022 година, по покана од Агенција за заштита на личните податоци со поддршка на ЕУ Твининг Проектот-Скопје;

## Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се вкупно 31 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои одговорени се 9 електронски пораки, неодговорени 4, а за 18 електронски пораки е постапено согласно дадени насоки од надлежното раководно лице.

## Јавни набавки

Во текот на месец март 2022 година, донесени се 4 Одлуки за јавни набавки, објавени се 6 оглас на ЕСЈН, донесени се 5 Одлуки за избор и склучени се 6 договори за јавна набавка со вредност од 1.516.800,00 денари без ДДВ или 1.723.836,00 денари со вклучен ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 4 | 6 | 5 | 6 |

*Табела 6. Јавни набавки март 2022*

# Реализација на буџет

Во месец март 2022 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2022 година | Реализација на буџетот до 31.03.2022 | Реализација на буџетот од 01.03.2022 – 31.03.2022 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2022 |
|---|---|---|---|---|
| **401- основни плати** | 23.550.000,00 | 5.421.669,00 | 1.798.817,00 | 18.128.331,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 8.710.000,00 | 2.115.916,00 | 707.029,00 | 6.594.084,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 60.000,00 | 10.000,00 | 0 | 50.000,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 2.100.000,00 | 928.802,00 | 326.512,00 | 1.171.198,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 450.000,00 | 65.546,00 | 18.404,00 | 384.454,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 2.000.000,00 | 276.590,00 | 35.007,00 | 1.723.410,00 |
| **425-договорни услуги** | 1.790.000,00 | 87.637,00 | 38.808,00 | 1.702.363,00 |
| **426-други тековни расходи** | 400.000,00 | 109.103,00 | 39.535,00 | 290.897,00 |
| **464-разни трансфери** | 186.000,00 | 87.390,00 | 0 | 98.610,00 |
| **480-купување на опрема и машини** | 800.000,00 | 549.620,00 | 549.620,00 | 250.380,00 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 2.800.000,00 | 869.031,00 | 70.564,00 | 1.930.969,00 |
| ВКУПНО | **42.846.000,00** | **10.521.304,00** | **3.584.296,00** | **32.324.696,00** |

*Табела 6. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*